

# 13 ТИКВЕШКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ

# ГЕСТ НА ПРЕПОЗНАВАЊЕ

2

До не така дамна за сликарите со тиквешки корен се зборуваше речиси како да се исклучиво чеда на климата: температурата, некаков до симбол исушен предел - ете ги трите супстанци што треба да ги објаснат и нивното минато и нивното постоење и нивната иднина.

Дури и големиот Петар Мазев, кого штотуку го загубивме, а чија слава допрва ќе расте, имаше обичај да каже дека е роден на врелата прав и под многу ѕвезди. Наспроти тоа на изложбата од пред дваесеттина години во Гранд Пале во Париз (Уметноста на тлото на Југославија од предисторијата до денес) огромно восхитување им беше доделено на брилјантната икона на Св. Ѓорѓија од Струга и на фасцинантниот олтарски крст од Полошкиот манастир. Ако врската е нејасна веднаш ќе додадам - сликарот на тој раскошен Св. Ѓорѓија, мајсторот Јован Зограф, ги наслика во 1271 год. фреските од наосот на црквата Св. Никола во селото Манастир, Мариовско.

Треба ли сега да потсетам какви временски пластови чува допрва, блиското Стоби? Поважно е, чинам, дека трите точки се веќе тука. Од Полошкиот манастир Св. Ѓорѓија, реката Црна ќе нé доведе на своето устие до Стоби, а понатаму Вардар до средновековниот Просек или денешната Демир Капија. Токму тука реката Бошава ја колчат пеонски и старомакедонски колчиња, Самоиловите повелби и хералдика од времето на велможите, архонтот Добромир Хрис и севастократорот Стрез. И толку засега за историјата. По патот кон изворите на Бошава во Кожув Планина стадата што оттука се враќале (не така дамна) од зимските пасишта во Солунско, ќе ја доцртаат линијата пак до Манастир, Мариовско создавајќи ја во широки плохи картата на просторот Тиквешија. Во тој простор, секое копнување на копачот нé води право во антиката, во Византија, во старословенското средновековие, сé до минатиот век на обновената надеж на македонското просветителство.

Сакам да ја повикам нашата фантазија за да во таа карта ја препознаеме и картата на нашата историска меморија, мапата на нашите сеќавања што можеби одново се редат на своето место, законормерно и слободно - истовремено со, сета пропустливост на духот.

Во детството и во раната младост многумина од нас се сретнуваа со необјасниви нешта. Излетите нé водеа во моклишките урнатини, малите козари и козите во клиновските пештерски цркви, реката и неуловливите риби нé исфрлаа на брегот кај Стоби. Вџашени ликови и светители, исчадени олтари, обезглавени камени тела и благородни глави со поглед вперен кон модрата тепсија на небото. На тие "руини" како во врела парeа се раѓаа живи пасторали небаре како фатаморгани, свирачи на дипли, играчи и сатири што напладне се будеа во сувите треви, а заспиваа на залез меѓу лозовите лисја... Може ли нашите очи да се постари од нашето тело? И може ли нашето паметење, како што толку пати е речено, да е постаро од нашето сопствено искуство? Мислата е ризична, но истовремено и така заводлива. Во секој случај, во Стоби дури подоцна археолозите ископаа нови храмови, базилики, дури синагоги. Каков раскош од статуи, симболи, свети птици и плодови втиснати во измешаните археолошки пластови а со толку вратен живот.

Веројатно тука, непрепознатливо но точно, се и поводите за фигурите што ги пробиваат пределите и пределите што влегуваат во нив, од последниот период на Петар Мазев. Во сликите на Ана Темкова наконтениот каподохиски ритер, воин и маченик Св. Ѓорѓија долетува од некаде во трошниот конак или во дедовиот дом. Подрачјето на инсектите на Илинка Глигорова - Суза е паралелен свет: останува откако степските коњаници протатнеле низ сувиот пејзаж. Од каде огромните, старозаветни глави со вжештен поглед, на платната на прерано починатиот Константин Мазев? Можеби низ истата стара меморија што пробива тој нé води до Палестина и уште потаму до старата Асирија. Сеќавањето што Никола Баснарков го бараше во иднината, Петар Наневски го пронаоѓа во лирското ткаење на сегашноста.

И токму на таа точка, целта на оваа изложба е постигната. Ако меѓу минатото и сегашноста сé тече, ако историската дупка е само илузија премачкана и поништена од една побрза и посигурна моќ на сеќавањето, тогаш не само сликарите од Тиквешијата, туку и целото македонско сликарство на кое тие сплотено му припаѓаат, само илузорно страдало од таканаречениот дисконтинуитет. Модернитетот во тој случај и понатаму ќе остане шифра што секојдневно и секој од нас одново ќе ја отвори. Токму затоа најмладите на оваа изложба, Станко Мицев и Глигор Мукаетов, хармонично стојат на оваа почва со големо минато и жестока сегашност.

Глигор ЧЕМЕРСКИ

# *Невенка АНГЕЛОВА*

е родена 1970 год. во Неготино.
Завршила училиште за применета уметност - отсек графика и Факултет за ликовни уметности - отсек сликарство во класата на Анастасов.

Наградена е за плакат на Џез-фестивалот во Скопје како и за плакат на МОТ-Скопје.

Учествувала на заеднички изложби со студентите на Факултет.

1. Коњ I, 1993 год., масло на платно, 150x130
2. Коњ II, 1992 год., масло на платно, 130x150



1

# *Киро АНГЕЛОВСКИ*

е роден 1947 год. во Неготино. Училиште за применета уметност и Педагошка академија - отсек сликарство завршил во Скопје. Завршил и Филозофски факултет - Историја на уметноста во Скопје. Работи како виш кустос во Музеј на град Неготино.
Адреса: ул. "Кирил и Методиј" бр. 26 Неготино.

## *Самостојни изложби:*

Билеќа, 1972 год.
Неготино, 1978 и 1988 год.
Неготин Краина, 1987 год.
Кавадарци, акварели, 1990 год.

## *Групни изложби:*

Неготино, Кавадарци и други.
Има изведено ѕидни декорации во повеќе објекти.

## *Награди*

Осмоноемвриска награда на г. Неготино

## *Експонати:*

1. Композиција I, 1992 год., масло на платно, 110x90
2. Композиција II, 1993 год., масло на платно, 130x110



1

# *Никола БАСНАРКОВ*

е роден во Ваташа, Кавадарци во 1932 год. Завршил Училиште за применета уметност и Педагошка Академија во класите на Личеновски, Лазески и Коџоман, сликарски отсек во Скопје. Беше член на ДЛУМ. Почина во 1987 год.
Работеше како ликовен педагог во Кавадарци.

## *Самостојни изложби:*

Кавадарци, 1960 год.
Прилеп, 1961 год.
Кавадарци, 1962 год.
Скопје, 1964 год.
Кавадарци, 1966 год.
Кавадарци, 1968 год.
Кавадарци, 1970 год.
Кавадарци, 1970 год.
Кавадарци, 1976 год.
Кавадарци, 1985 год.

## *Групни изложби:*

Скопје, 1955 год.
Љубљана, 1977 год.
Љубљана, 1988 год.
Скопје, 1984 год.

## *Експонати:*

1. Вселенски брод I, 1963 год., масло на платно, 100x140
2. Вселенски брод II, 1963 год., масло на платно, 140x100



1

# *Илинка ГЛИГОРОВА - Суза*

е родена 1936., во Кавадарци. Академија за ликовни уметности завршила во Белград, 1964 год. Член на ДЛУМ е од 1964 год.

Адреса: ул. "Партизански одреди" 80 вл. V/14 91000 Скопје
тел. 245-969

## *Самостојни изложби:*

Скопје, три самостојни изложби
Штип,
Струмица

## *Групни изложби:*

Излагала на сите изложби на ДЛУМ како и на други изложби во земјата и странство.

## *Награди:*

"Никола Мартиновски" 1992 год.

## *Експонати:*

1. Подрачје на инсектите I, 1992 год., комбинирана техника, 60x80
2. Подрачје на инсектите II, 1992 год., комбинирана техника, 60x80
3. Подрачје на инсектите III, 1992 год., масло на платно, 70x85
4. Вибрации, 1993 год., масло на платно, 90x120
5. Постоење, 1993 год., масло на платно, 60x80



1

# *Константин* МАЗЕВ

е роден 1956 год., во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје, 1985 год. Член на ДЛУМ е од 1985 год. Починал 1990 год.

## *Самостојни изложби:*

Скопје, 1986 год.

## *Групни изложби:*

Излагал на повеќе групни изложби.

## *Награди:*

Награда на РСИЗ на културата на Црна Гора на XX Ликовен салон "13 Новембар", Цетиње, 1986.
"Лазар Личеноски" (постхумно), 1991 год.

## *Експонати:*

1. Портрет I, 1986 год., масло на платно, 131x97
2. Портрет II, 1985 год., масло на платно, 100x100



1

# *Петар МАЗЕВ*

е роден 1927 год., во Кавадарци. Академија за ликовни уметности завршил во Белград 1953 год. Член е на ДЛУМ од 1953 год. Починал 1993 год.

## *Самостојни изложби:*

Скопје, со Д. Аврамовски-Гуте, 1958 год.
Скопје, со И. Велоков и С. Куноски, 1959 год.
Скопје, со С. Куноски, 1960 год.
Скопје, МСУ, 1966 год.
Скопје, Уметничка галерија, 1970 год.
Скопје, МСУ, 1976 год.
Њујорк, 1981 год.
Скопје, 1982 год.
Ниш, 1982 год.
Кавадарци, 1983 год.
Сараево, 1983 год.
Загреб, 1983 год.
Охрид, 1984 год.
Скопје, 1985 год.
Врњачка бања, 1987 год.
Белград, 1987 год.
Струга, 1987 год.
Скопје, 1987 год.
Скопје, 1990 год.

## *Групни изложби:*

Излагал на сите изложби на ДЛУМ од 1953 год. како и на стотина други во земјата и странство.

## *Награди:*

I награда на југословенскиот конкурс за ликовно обликување на ентериерот на Спомен-костурницата на НОВ во Велес, 1979 год.
"Моша Пијаде" на Ликовниот салон, Цетиње, 1981 год.
"Никола Мартиноски", 1981 год.
"Нерешки мајстори", 1967 год.

## *Експонати:*

1. Жена, 1987 год., масло на платно, 97x135
2. Љубовна игра, 1992 год., масло на платно, 136x240
3. Во чест на син ми Коце, 1990 год., масло на платно, 100x130
4. Портрет I, 1991 год., масло на платно, 50x60
5. Портрет II, 1992 год., масло на платно, 50x60



4

# *Глигор* МУКАЕТОВ

е роден 1965 год., во Кавадарци. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1991 година.
Адреса: ул. "Народен фронт" бр. 5 - 1/71 91000 Скопје
тел. 227-591

## *Самостојни изложби:*

Скопје, Културно-информативен центар, 1993 год.

## *Групни изложби:*

Кавадарци, Музеј-галерија
Белград, Изложба на студентски цртеж
Хавана, Изложба на студентски цртеж
Скопје, Дом на ЈНА, Дипломци 1991 год.

## *Експонати:*

1. Клаустрофобија, 1992 год., цртеж, 50x34
2. Куче, 1991 год., цртеж, 42x29



1

# *Станко* ***МИЦЕВ***

е роден 1967 год. во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1991 година. Член на ДЛУМ од 1993 година.

Адреса: ул. "Франклин Рузвелт" 63, 91000 Скопје
тел. (091) 251-334

## *Самостојни изложби:*

Скопје, Галерија ЈАТ, 1992 год.

## *Групни изложби:*

Скопје, Музеи на Македонија, 10-годишнина од формирањето на ФЛУ, 1991 год.
Newcastle, Australia, Exhibition of students' works on paper, University of Newcastle, 1991 god.
Скопје, Дом на ЈНА, дипломирани студенти на ФЛУ, 1991 год.
Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ, Новопримени членови во ДЛУМ, 1993 год.

## *Експонати:*

1. Совест, 1992 год., масло на платно, 99x79
2. Женски акт, 1992 год., масло на платно, 90x80



1

# *Петар НАНЕВСКИ*

е роден во Ваташа во 1935 год. Завршил Училиште за применета уметност и Педагошка Академија - отсек сликарство во класите на Личевоски, Лазески и Коџоман во Скопје.
Автор е на повеќе дела изведени во Кавадарци.
Паралелно слика и пишува. Објавил десет поетски книги.
Член е на ДЛУМ, ДЛУБ и ДПМ.
Работи во Музеј - Галеријата во Кавадарци.
Адреса: Ваташа, 91430 Кавадарци. Тел. (093) 76-489 и 77-229.

## *Самостојни изложби:*

Задар, 1961, 1962 год.
Скопје, 1966 год.
Кавадарци, 1968,1970, 1971, 1973, 1979, 1989 и 1991 год.
Ваташа, 1983, 1984, 1986 и 1990 год.
Битола, 1985 год.
Т. Велес, 1986 год.
Неготино, 1987 год.

## *Колективни изложби:*

Кавадарци, 1970, 1972, 1974, 1977 и 1993 год.
Љубљана, 1977 1981 и 1983 год.
Битола, 1979, 1980, 1981, 1983, 1984, 1985 и 1988 год.
Ваташа, 1981, 1983, 1984 и 1986 год.
Бољевац, 1987 год.
Скопје, 1993 год.

## *Експонати:*

1. Коњаник I, 1980 год., акрил на платно, 70 x 90
2. Коњаник II, 1978 год., акрил на платно, 70 x 90
3. Фасадите на Троја, 1980 год., акрил на платно 100 x 100



1

# *Ристо СОКОЛОВ - Сокол*

е роден 1957 год. во с. Дреново, Кавадарци. Училиште за применета уметност и Факултет за ликовни уметности на отсек-графика завршил во Скопје, во класата на Малиданов, 1988 год.
Работи како слободен уметник.
Адреса: ул. "Мара Димова" 21, 91430 Кавадарци, Тел. (093) 74-543.

## *Самостојни изложби:*

Кавадарци, 1985 год.
Штип, 1985 год.

## *Групни изложби:*

Кавадарци, 1974 год.
Кавадарци, 1981 год.
Кавадарци, 1982 год.
Белград, 1984 год.
Белград, Иваница, Сараево, 1985 год.
Скопје, Сараево, 1986 год.
Чачак, Иваница, 1987 год.
Од 1974 - 1987 год. излага со ДМЛУ Кавадарци

## *Награди:*

I награда на ФЛУ Иваница, 1985 год.
Награда на ФЛУ во Скопје за најдобар студент.

## *Експонати:*

1. Ерупција - линија, 1993 год, масло на платно, 100 x 120
2. Ерупција - портрет, 1993 год., масло на платно, 70 x 100
3. Ерупција - акт, 1993 год., масло на платно, 70 x 100



1

# Ана ТЕМКОВА

е родена 1943 год. во Кавадарци. Академија за ликовни уметности завршила во Белград 1966. Специјализирала мозаик во Равена. Член е на ДЛУМ од 1967.
Адреса: "Огнен Прица" бр. 20, 91000 Скопје

## *Самостојни изложби:*

Штип, со И. Глигорова, 1968 год.
Равена, 1969 год,
Скопје, 1970 год.
Охрид, 1970 год.
Белград, 1971 год.
Нови Сад, 1972 год.
Скопје, 1973 год.
Скопје, 1974 год.
Сомбор, 1976 год.
Скопје, 1980 год.
Куманово, 1980 год.
Неготино, 1980 год.
Кавадарци, 1980 год.
Скопје, 1992 год.

## *Групни изложби:*

Излагала на сите изложби на ДЛУМ од 1967 год. и на сите изложби на цртеж. На сите изложби на портрет во Тузла како и на преку стотина групни изложби во земјата и странство.

## *Награди:*

Сојузна младинска награда за сликарство "66", Белград, 1966 год.
Награда за портрет, Тузла, 1967 год.
Награда за сликарство на "Млад борец", 1968 год.
"Винченцо Монти", Италија, 1969 год.
Републичка награда "11. Октомври", 1978 год.
"Нерешки мајстори", 1983 год.
"ЛИКУМ", Авторска агенција 1984 год.
Награда за акварел, Скопје, 1986 год.

## *Експонати:*

1. Конакот под Маркови кули, 1976 год., масло на платно, 185 x 98
2. Мртва природа со огледало, 1980 год., масло на платно, 70 x 65
3. Старите куќи, 1985 год., масло на платно, 100 x 85
4. Гинкто Билоба (циклус "Плодови"), 1989 год. масло на платно, 65 x 80
5. По летото, (циклус "Плодови"), 1991 год., масло на платно, 50 x 50



# *Глигор ЧЕМЕРСКИ*

е роден 1940 год., во Кавадарци. Академија за ликовни уметности завршил во Белград 1963 год. Постдипломски студии завршил во Белград 1965 год.

## *Самостојни изложби:*

Скопје, Охрид, Струга, Кавадарци, Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Подгорица, Дубровник, Будва, Нови Сад, Сомбор.

## *Групни изложби:*

Од 1965 год. излага на групни изложби во многу светски центри - Рим, Александрија, Атина, Истанбул, Софија, Грац, Будимпешта, Варшава, Прага, Москва, Њу Делхи, Мадрид, Стокхолм, Хаг, Париз и други.

## *Награди:*

I Награда на Фестивалот на студентите на Србија и Црна Гора, 1960 год.
I Награда на Академијата за ликовни уметности во Белград, 1962 год.
Награда на изложбата "Поезијата како инспирација", Струга, 1970 год.
"Октомвриска награда" за сликарство, 1975 год.
"Нерешки мајстори", 1978 год.
I и II Награда на конкурсот "Спомен костурница" во Велес (со П. Мазев), 1979 год.
I Награда на конкурсот "Споменик на револуцијата", Кочани (со Р. Раѓеновиќ), 1980 год.
"Лазар Личеноски", 1986 год.
"Ноемвриска награда", 1987 год.

## *Експонати:*

1. Патетична глава, 1985, масло на платно, 140 x 170
2. Македонско рондо, 1985, масло на платно, 140 x 170
3. Св. Ѓорѓија и ламјата I, 1992 год. масло на платно, 100 x 70
4. Св. Ѓорѓија и ламјата II, 1992 год. масло на платно, 100 x 70
5. Св. Ѓорѓија и ламјата III, 1992 год. масло на платно, 100 x 70



3

# *Симон ШЕМОВ*

е роден 1941 год., во Кавадарци. Академија за ликовни уметности завршил во Белград, 1969 год. Член е на ДЛУМ од 1969 год. Постдипломски студии (сликарство и графика) завршил во Лондон, 1972 год. Се бави и со рачна изработка на хартија.
Адреса: ул. "Партизански одреди" бр. 101-I/10, 91000 Скопје. Тел. 251-739 .

## *Самостојни изложби:*

Белград, 1968 год.
Лондон, 1971 год.
Братфорд, 1972 год.
Единбург, 1973 год.
Њујорк, 1989 год.
Гринзборо, 1991 год.
Скопје, повеќе самостојни изложби.

## *Групни изложби:*

Излагал на повеќето изложби на ДЛУМ, како и на стотина други изложби во земјата и странство.

## *Награди:*

Награда за цртеж на ЈАЗУ, Загреб, 1990 год.
Награда за сликарство на Меѓународната Евро - азиска изложба, Анкара, 1991 год. и многу други.

## *Експонати:*

1. "Локуф" I, 1990 год., сито печат, 68 x 49
2. "Локуф" II, 1990 год., сито печат, 68 x 49
3. "Локуф" III, 1990 год., сито печат, 68 x 49
4. "Локуф" IV, 1990 год., сито печат, 68 x 49
5. "Локуф" V, 1990 год., сито печат, 68 x 49



1

*ОРГАНИЗАТОРИ НА ИЗЛОЖБАТА:*

Одбор за одбележување јубилеи и настани во 1993 год.
Друштвото на ликовните уметници на Македонија
РО Музеј - Галерија, Кавадарци

За издавачот: РО Музеј - Галерија, Кавадарци
Организација на изложбата: Никола Иванов
Предговор: Глигор Чемерски
Слајдови: Владо Георгиев
Фотографии: Тони Галабов
Идеја: Бранислав Мирчевски
Ликовно и техничко обликување: Петар Наневски и Венко Цветков
Печат: АД Печатница "Даскал Камче" - Кавадарци, мај 1993.
Тираж: 400 примероци
Селектор: Друштво на ликовните уметници на Македонија

- Одбор за одбележување на 50-годишнината на настаните од НОБ, 100-годишнината од создавањето на ТМОРО (ВМРО) и 90-годишнината од Илинденското востание.

- Музеј-Галерија
  Кавадарци

- Народна библиотека-
  "ФЕТКИН"

- Друштво на ликовни
  уметници на Македонија

- А.Д. Печатница "Даскал Камче"
  Кавадарци

